## Фарук Омери
## В.Д Директор на Управа за јавни приходи

Роден 09.07.1954 година, Тетово, татко на две деца, дипломиран економист, магистер на економски науки (2009) и доктор на економски науки (2014).

Во Министерството за финансии - Управа за јавни приходи - Скопје е во редовен работен однос на неопределено време, сметано од 08.01.1991 година и сѐ уште, со работен стаж во органот од скоро 30 години, или вкупен работен стаж од скоро 40 години.

Првото вработување е во 1981 година, во Секретаријатот за стопанство планирање и труд при Собрание на Општина Тетово, каде работи 10 години.

Во 1991 година е именуван за Директор на Управата за општествени приходи од страна на Собранието на Општина Тетово.

Во 1993 е именуван за член на Извршниот совет на Собрание на Општина Тетово и раководи како секретар со Секретаријатот за стопанство планирање и труд при Собрание на Општина Тетово.

Во 1996 се презема од Министерство за стопанство во Министерство за финансии и се назначува за директор на Дирекцијата за јавни приходи во Тетово.

Во периодот од 1999 до 2004 година извршува работи како референт, виши референт, виш соработник во Одделите за утврдување и наплата на даноците, Отсекот за спроведување на процедури во Одделението за оперативни активности и во Одделението за утврдување на даноци.

Во периодот од 2004 до 2006 година е именуван од Владата на Република Македонија за заменик директор на Управата за јавни приходи. Во 2006 година, 3 месеци раководи со Дирекцијата за големи даночни обврзници и потоа се распоредува на работно место самостоен даночен советник во Одделението за утврдување и наплата на данок во Регионална Дирекција Тетово.

Од 01.08.2017 година распореден е на работно место помошник на Директорот на Управата за јавни приходи, а од 05.08.2020 година именуван е од Владата на Република Северна Македонија за вршител на должноста Директор на Управа за јавни приходи.